П4-834/13

ДО

ОСНОВЕН СУД ШТИП

АДВОКАТ
ЉУБИЦА ПАНОВСКА СТОЈАНОВСКИ
бул.Кочо Рацин бр.38/1-5 Скопје
тел. 3116 629; 072 585 439

АДВОКАТ
НЕНАД Д. ЈАНИЌЕВИЌ
Бул. Кочо Рацин бр. 38-1/5
Тел. 02/3166 629 Скопје

ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП
Примени непосредно - пр. 15.10.13
R 167 757 188 12.10.13
Потпис

**ТУЖИТЕЛ:**
**Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација, место на раѓање Украина 24.03.1976 година , со живеалиште на ул. Рхеиналлее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, преку полномошници Ненад Јаниќевиќ и Љубица Пановска Стојановски, адвокати од Скопје, бул.„Кочо Рацин“ бр.38/1-5 Скопје, телефон 02/3166629, e-mail: janicevic.advokati@gmail.com**

**ТУЖЕНИ:**

1. **Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, управител Верица Љуботенска ул.Ванчо Прке бр.Д2/А-9 Штип со ЕМБГ 1105955495004,e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk**
2. **Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз- извоз Штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип и ЕМБС 4805178, со ЕДБ 4029994108584, управител Ристе Љуботенски, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип со ЕМБГ 3003955490002**

**ОСНОВ: НАДОМЕСТ НА ШТЕТА**

**ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра (која ќе биде прецизирана по изготвено вештачење)**

# Т У Ж Б А

прилог докази во 4 примероци

Тужителот Владислав Михаилович Втулкин со сопственикот и единствен содружник на тужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, лицето Ристе Љуботенски од Штип, на ден 13.11.2004 година во Штип склучил Договор за деловно техничка и финансиска соработка чиј предмет на договор е деловно техничка и финансиска соработка во производството и прометот со грозје и вино. Согласно член 1 од договорот лицето Ристе Љуботенски располага со капитал во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои врши одгледување на винова лоза сопственост на друштвата ДООЕЛ ИМАКО и ДООЕЛ ИМАКО ВИНО и истиот се согласува тужителот Владислав Михаилович Втулкин да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот.

***Доказ: Договор за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 година во Штип***

Со тоа, тужителот требало да влезе како содружник во двете тужени друштва ДООЕЛ ИМАКО и ДООЕЛ ИМАКО ВИНО и тоа со 50% од вредноста на капиталот и да ги преземе сите

обврски како содружник согласно ЗТД. Меѓутоа наместо тоа, лицето Ристе Љуботенски неовластено, наместо сооднос од 50% наспрема 50%, изготвил документација во која навел дека содружникот Владислав Михаилович Втулкин пристапува со 49% во вкупниот основачки влог, што е спротивно на писмениот договор.

Туженото Друштво Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип е основано на ден 07.04.2005 година како Друштво за трговија и производство ИМАКО ВИНО увоз- извоз ДООЕЛ Штип од страна на единствениот содружник ИМАКО Штип со висина на основна главнина од 153.000 денари и управител на друштвото е Верица Љуботенска. На ден 01.03.2006 година извршен е упис на промена на називот на друштвото во Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип. На ден 12.11.2007 година извршен е упис на промена на содружници при што друштвото ИМАКО е избришано како содружник а како нов единствен содружник е запишан Ристе Љуботенски. На ден 06.04.2008 година извршено е упис на промена на основната дејност и е запишана дејноста 15.93-производство на вино. На ден 11.06.2009 година извршено е упис на промена на содружници и тоа во Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип се запишани ИМАКО ДОО Штип и Ристе Љуботенски од Штип. На ден 31.07.2009 година повторно е извршен упис на промена на содружници на Винарската визба ИМАКО ВИНО ДОО Штип и повторно е избришан содружникот ИМАКО ДОО Штип и како единствен содружник е запишан Ристе Љуботенски од Штип. Она што е особено значајно што сите промени се правени без писмена согласност од страна на содружникот на ИМАКО ДОО Штип, односно тужителот.

Оваа состојба е констатирана и во Извештај за констатирана состојба од септември 2013 година на Економско-правно биро Компанија НМ Скопје, кој го доставуваме во прилог на тужбата, заедно со прилог докази.

***Доказ: Извештај за констатирана состојба од септември 2013 година на Економско-правно биро Компанија НМ Скопје***

Со преземените дејствија лицето Ристе Љуботенски неовластено извршило пренос на уделот од тужениот Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип на Ристе Љуботенски, кој се јавува сега како единствен содружник на тужениот ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип. Поради ваквите противзаконски дејствија на содружникот Ристе Љуботенски, кој сега се јавува како единствен содружник и сопственик на тужениот ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, поднесена е кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во Скопје поради постоење на основано сомнение дека сторил повеќе кривични дела и тоа Злоупотреба на службена положба и овластување по чл.353 ст.4 в.в. со ст.1 од КЗ, Фалсификување исправа по чл.378 ст.1 и чл.378 ст.1 в.в. со чл.379 ст.1 т.1,2 и 5 од КЗ Измама од чл.247 ст.4 в.в. ст.1 од КЗ, односно со своите дејствија ја искористи својата положба на одговорно лице и противправно го исклучил тужителот од тужениот ИМАКО ДОО Штип кој се јавувал како содружник на тужениот ИМАКО ДООЕЛ Штип и со тоа му предизвикал штета на тужителот и тоа уште од самиот почеток на деловната соработка со тоа што со превземање на повеќе меѓусебно поврзани противправни дејствија го држел во заблуда дека во друштвото тужителот е содружник со 50% во вкупниот основачки влог.

***Доказ: Кривична пријава од тужителот од 26.04.2013 година***

Тужителот прибави од Централниот регистар на РМ информација за економско финансиската состојба и скратен исказ од годишни сметки со оценка за работењето за 2011 год. на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип од каде **е евидентно дека се врши отуѓување, односно намалување на капиталот-материјалните средства на друштвото и тоа во значителен обем со што константно и директно му се нанесува штета на тужителот кој вложил свој капитал, а кој поради противзаконитиот начин на пренос на удел повеќе не**

**може да располага ниту има било каков пристап до финансиската документација на друштвото.**

***Доказ: Информација за економско финансиската состојба бр.0905-23/263 од 27.03.2013 од ЦРМ***

Тужителот лично имал вложувања, и тоа во основачкиот влог 2.500 евра, потоа во машини и опрема за производство на вино вложувања од 1.646.794 евра, платени аванси за извоз на вино или врз основа на приложени докази се вкупно вложувања во вкупен износ од **1.915.458 евра.**

***Доказ: Извештај за констатирана состојба од септември 2013 година на Економско-правно биро Компанија НМ Скопје***

За поткрепа на тужбеното барање, тужителот поднесе барање до Економско правно биро Компанија НМ Скопје за изготвување на вешт наод и мислење од економска струка по однос на висината на побарувањето на тужителот кон тужениот. Во моментот располагаме со Извештајот за констатирана состојба, а со оглед на комплексноста и обемноста на предметот, изготвувањето на вештиот наод и мислење со детална финансиска анализа е во тек и ќе го доставиме дополнително.

***Доказ: Потврда од Компанија НМ Скопје***

**Освен реалната штета која ја трпи тужителот поради тоа што имал свои вложувања, истовремено трпи штета и во вид на изгубена добивка затоа што не може поради противзаконитиот начин на пренос на удел да располага со него, ниту има било каков пристап до финансиската документација на друштвото, односно неможноста да влезе во друштвото како содружник и да работи. Меѓутоа за висината на претрпената штета во вид на изгубена добивка, дополнително ќе се произнесеме и ќе го прецизираме тужбеното барање по добиениот вешт наод и мислење.**

Тужителот поднесе и предлог за издавање на привремена мерка за обезбедување на паричното побарување на тужителот до Основниот суд во Штип, која е уважена и со решение на Апелационен суд Штип ГЖ.бр.1102/13 од 03.09.2013 година со кое „МУ СЕ ЗАБРАНУВА на должникот да располага со целокупните материјални средства во износ од 230.223.430,00 денари како и тековните средства- залихи во износ од 85.874.520,00 денари кои се наоѓаат на ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, потоа МУ СЕ ЗАБРАНУВА на должникот да го отуѓи или оптовари своите недвижности или стварни права кои врз недвижноста се запишани во негова корист, со прибелешка на таа забрана во јавна книга или да ги даде под закуп; СЕ ЗАБРАНУВА на должникот да го продава својот удел во друштвото; СЕ ЗАБРАНУВА на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување или да му предаде предмети, како и забрана на должникот да прими предмети, да наплати побарување и да располага со нив и СЕ НАЛОЖУВА на носителот на платен промет на должникот или на трето лице, по налог на должникот, да не дозволи од должниковите сметки исплата на паричниот износ за кој е дозволена привремена мерка, а која привремена мерка ќе важи до правосилното завршување на постапката која ќе биде покрената против должникот од страна на доверителот".

***Доказ: Решение ГЖ.бр.1102/13 од 03.09.2013 година на Апелационен суд Штип***

Согласно Член 141 од ЗОО став (1) Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести, став (3) За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон. Согласно Член 142 од ЗОО Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета). Согласно Член 145 од ЗОО став (1) Вина постои кога штетникот причинил

штета со намера или со невнимание (крајно, обично или друг степен на невнимание предвиден со закон). Согласно Член 178 став (1) Оштетениот има право како на надомест на **обичната штета**, така и на надомест на **испуштената корист**, а став (3) При оцената на висината на испуштената корист се зема предвид добивката што можела основано да се очекува според редовниот тек на работите или според посебни околности, а чие остварување е спречено со оштетниковото дејствие или пропуштање на оштетениот.

Од овие причини, со оглед дека тужителот трпи огромна штета поради тоа што вложил свои средства, а не може да влезе во друштвото и да ги остварува своите права и обврски како содружник, предлагаме на насловниот суд по одржувањето на главна, јавна и усна расправа и изведувањето на сите предложени докази да ја донесе следната

## **П Р Е С У Д А**

**СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз- извоз Штип** на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од **1.915.458 евра** со домицилна камата на еврото според среден курс на Централно европска банка на денот на исплатата сметано од 27.07.2005 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 до денот на исплатата казнена камата во висина на едномесечната стапка на ЕУРИБОР за евра што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемено за 8 процентни поени, како и да му ја надомести штетата во вид на изгубена добивка во износ кој дополнително ќе биде прецизиран по изготвено вештачење со камата до денот на исплатата, а се во рок од 15 дена од денот на приемот на пресудата.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** тужените со трошоците на постапката по приложен трошковник во рок од 15 дена од денот на приемот на пресудата.

**Скопје, 09.10.2013 год.**

**за тужител:**
**Владислав Михаилович Втулкин од Москва**
**Полномошник:**

АДВОКАТ
... СТОЈАНОВСКИ
... бр. 38/1-5 Скопје
Тел. ...629; 072 585 439

АДВОКАТ
НЕНАД Д. ЈАНИЌЕВИЌ
Бул. Кочо Рацин бр. 38-1/5
Тел. 02 / 3166 629 Скопје

*Прилог: докази како горе, копија патна исправа за тужителот, тековна состојба за тужените, барање за регистрација на електронско сандаче*